Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство

# Стратешка рамка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство

# 2021-2025 година

*Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство* е формирана од страна на граѓански организации од Македонија кои работат на полето на превенција и справување со проблемот на насилство врз жените, вклучително и семејно насилство.

**Мисијата** на Мрежата е координирано делување на ГОи во насока на унапредување на политиките и практиките за справување со проблемот на насилство врз жените и семејно насилство. Мрежата се стреми кон препознавање на женските човекови права и нивна афирмација во РМ.

**Визијата** на Мрежата е создавање на општество ослободено од насилство во кое жените ќе можат целосно да ги реализираат своите потенцијали и способности за креирање на општество за еднакви можности.

Глобалните активности на Мрежата се фокусирани во пет програми и тоа:

**Програма 1: Влијание на мрежата врз националните политики**

**Програма 2: Актуелизирање на проблемот на насилство врз жени и семејно насилство**

**Програма 3: Организациска одржливост на извршната канцеларија и организациите членки на Мрежата**

**Програма 4: Женските организации како специјализирани сервиси**

**Програма 5: Развивање на меѓународна (регионална) соработка**

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА МРЕЖАТА

### *Програма 1: Влијание на мрежата врз националните и локалните политики*

**Стратешка цел 1.1:** Подобрена националната и локалната законската регулатива за превенција, заштита и постапување во случаи на насилство врз жени и семејно насилство
**Стратешка цел 1.2:** Развиени превентивни програми за родово базирано насилство кај сите релеватните институции на национално и локално ниво

### *Програма 2: Актуелизирање на проблемот на Насилство врз жени и семејно насилство*

**Стратешка цел 2.1:** Подигната свеста на граѓаните и специфичните целни групи за проблемот и формите на насилство врз жени и семејно насилство
**Стратешка цел 2.2:** Подигната свест на релевантните институции за проблемот на насилство врз жени и семејно насилство.

### *Програма 3: Организациска одржливост на извршната канцеларија и организациите членки на Мрежата*

**Стратешка цел 3.1**: Обезбедена оддржливост на извршната канцеларија и организациите членки на мрежата преку јакнење на капацитетите во различни области
**Стратешка цел 3.2**: Зајакната соработката помеѓу извршната канцеларија и организациите членки
**Стратешка цел 3.3:** Зголемување на интересот кај младата популација за учество во активности поврзани со насилство врз жените и семејно насилство

### *Програма 4: Женските организации како специјализирани сервиси*

**Стратешка цел 4.1:** Организациите членки на мрежата и извршната канцеларија исполнуваат минимум стандарди за воспоставување и обезбедување на специјализирани сервиси за поддршка на жените жртви на различни форми на насилство врз жени и нивните деца
**Стратешка цел 4.2:** Воспоставени специјализирани сервиси за жени жртви на насилство кои се раководени од организации членки на мрежата/извршна канцеларија
**Стратешка цел 4.3:** Развиени програми за реинтеграција и ресоцијализација на жени жртви кои ја напуштиле насилната средина на локално ниво

### *Програма 5: Развивање на меѓународна (регионална) соработка*

**Стратешка цел 5.1:** Зајакната соработката со женски организации и мрежи од регионот пошироко

## План за имплементација со приоритетни активности

| *Програма 1: Влијание на мрежата врз националните и локалните политики* | | | |
|---|---|---|---|
| | *Очекувани резултати* | *Активности* | *Временска рамка/Таргет група/Индикатори/средства за верификација* |
| **Стратешка цел 1.1:** Подобрена националната и локалната законската регулатива за превенција, заштита и постапување во случаи на насилство врз жени и семејно насилство | 1.1.1. Националната и локалната законска регулатива е усогласена со одредбите од Истанбулската конвенција<br>1.1.2. Воспоставени механизми за постапување при случаи на насилство врз жени и семејно насилство на локално ниво и национално ниво<br>1.1.3 Воспоставени специјализирани сервиси за заштита и поддршка на жените жртви на различни форми на насилство врз жени, пристапни и достапни за различните ранливи категории на жени, на локално и национално ниво | • Спроведување на активности за застапување за унапредување на законската регулатива;<br>• Учество во работни групи за подготовка/измени/дополнувања на нови и постоечки законски решенија;<br>• Подготовка на анализи/извештаи/предлог документи и политики со препораки за унапредување на законските решенија на локално и национално ниво;<br>• Организирање на состаноци со претставници од локалната самоуправа;<br>• Организирање на работни средби со професионалци од институциите за координиран одговор при пријава на насилство врз жени и семејно насилство;<br>• Учество во работна група за изработка на стандарди и нормативи за воспоставување на сервиси ;<br>• Мапирање на потребите од воспоставување на сервиси за помош и поддршка на жртви | |
| **Стратешка цел 1.2:** Развиени превентивни програми за родово базирано насилство кај сите релеватните институции на национално и локално ниво | 1.2.1 Зголемена свеста кај релевантните институции за важноста од превенцијата во спречувањето на насилството врз жените<br>1.2.2. Развиени родово сензитивни превентивни програми во здравствениот и образовниот сектор (на | • Активности за застапување за потребаsа од превентивни програми;<br>• Организирање едукативни работнилници со професионалци од сите релеватни институции на локално и национално ниво<br>• Организирање на обуки за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | основно, средно и универзитетско ниво)<br>1.2.3. Зајакнати капацитети кај стручните служби во училиштата за рана идентификација и интервенција во случаи на насилство врз деца | зајакнување на капацитетите на стручните служби за рана идентификација и интервенција во случаи на насилство врз деца<br>• Менторска поддршка на стручните служби за развивање и спроведување на превентивни програми во училиштата/градинките | |
| **Програма 2: Актуелизирање на проблемот на Насилство врз жени и семејно насилство** | | | |
| **Стратешка цел 2.1:** Подигната свеста на граѓаните и специфичните целни групи за проблемот и формите на насилство врз жени и семејно насилство | 2.1.1. Граѓаните и целните групи ги препознаваат различните форми на насилство врз жени;<br>2.1.2. Граѓаните и целните групи ја разбираат динамиката и корените на насилството врз жени и семејното насилство;<br>2.1.3. Зголемен број на пријави за различни форми на насилство врз жени и семејно насилство | • Спроведување на континуирани кампањи за подигнување на свеста за различните форми на насилство врз жени<br>• Одбележување на светските денови за борба против насилството врз жените<br>• Организирање на информативни и едукативни настани/работилници/обуки за насилство врз жени и семејно насилство | |
| **Стратешка цел 2.2:** Подигната свест на релевантните институции за проблемот на насилство врз жени и семејно насилство | 2.2.1. Професионалците од институциите ги препознаваат различните форми на насилство врз жени;<br>2.2.2. Професионалците од институциите ја разбираат динамиката и корените на насилството врз жени и семејното насилство;<br>2.2.3. Унапредени знаењата и вештини на професионалниците од институциите за постапување при пријава на насилство врз жени и семејно насилство | • Организирање на информативни и едукативни настани/работилници/обуки за насилство врз жени и семејно насилство<br>• Организирање на специјализирани обуки за постапување при случаи на насилство врз жени за професионалците од различни институции | |
| ***Програма 3: Организациска одржливост на извршната канцеларија и организациите членки на Мрежата*** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3.1**: Обезбедена оддржливост на извршната канцеларија и организациите членки на мрежата преку јакнење на капацитетите во различни области | 3.1.1. Извршната канцеларија и организациите членки се финансиски оддржливи и имаат зајакната организациска структура и политики<br><br>3.1.2.Извршната канцеларија и организациите членки имаат зајакнати човечки ресурси за раководење, стратешко планирање и спроведување на годишните организациски планови<br><br>3.1.3. Извршната канцеларија има обезбедено средства за финансиска поддршка на организациите членки кои работат на локално ниво | • Организирани обуки за застапување и лобирање<br>• Организирани обуки за менаџирање и лидерство<br>• Организирани обуки за организациско и финансиско работење<br>• Организирање обуки и менторство за прибирање средства преку подготовка на предлог проекти<br>• Организирање на редовни состаноци помеѓу извршната канцеларија и организациите членки<br>• Спроведување на заеднички акции<br>• Подготовка на Програма за финансиска поддршка на орresearch организациите членки | |
| **Стратешка цел 3.2**: Зајакната соработката помеѓу извршната канцеларија и организациите членки | 3.2.1. Организациите членки имаат унапредени знаења и вештини за комуникација и алатки за промоција на организацијата<br>3.2.2. Унапредена комуникација и соработка помеѓу извршната канцеларија и организациите членки<br>3.2.3 Спроведени заеднички акции | • Организирани обуки за комуникациски вештини и алатки за комуникација за промоција на организацијата<br>• Организирање на редовни состаноци помеѓу извршната канцеларија и организациите членки за планирање и реализирање на заеднички акции | |
| **Стратешка цел 3.3:** Зголемена вклученост на млади девојки во активности поврзани со насилство врз жените и семејно насилство | 3.3.1. Формиран женски младински клуб<br>3.3.2. Зголемен број на волонтерки и млади активисти директно вклучени во активностите на извршната канцеларија и на организациите членки | • Развивање на стратегија за мобилизирање на волонерки и млади активистки;<br>• Развивање на програма за обучување на волонтери/рки<br>• Формирање на женски младински клуб;<br>• Создавање на база на волонтери;<br>• Организирање обуки и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | работилници за волонтери согласно програмата;<br>• Спроведување на младински иницијативи и акции | |
| ***Програма 4: Женските организации како специјализирани сервиси*** | | | |
| **Стратешка цел 4.1:** Унапредени капацитети на членките на мрежата за раководење и обезбедување на специјализирана поддршка за жените кои преживеале некаква форма на насилство врз жени и семејно насилство | 4.1.1. Организациите членки имаат зајакнати капацитети за раководење со специјализирани сервиси<br>4.1.2. Организациите членки се запознаени со законската регулатива и стандардите и нормативите за воспоставување на специјализирани сервиси за поддршка на жени жртви на насилство<br>4.1.3. Организациите членки на мрежата и извршната канцеларија исполнуваат минимум стандарди за воспоставување и обезбедување на специјализирани сервиси за поддршка на жените жртви на различни форми на насилство врз жени и нивните деца | • Организирање на работни средби/работнилници/обуки за запознавање со законската регулатива и стандардите и нормативите за воспоставување на специјализирани сервиси за поддршка на жени жртви на насилство<br>• Организирање на специјализирани обуки за даватели на услуги | |
| **Стратешка цел 4.2:** Воспоставени специјализирани сервиси за жени жртви на насилство кои се раководени од организации членки на мрежата/извршна канцеларија | 4.2.1. Извршната канцеларија и организациите членки раководат со специјализирани сервиси за поддршка на жени жртви на насилство | • Спроведување на активности за застапување за обезбедување финансиски средства за востпоставување сервиси на локално ниво | |
| **Стратешка цел 4.3:** Развиени програми за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви кои ја напуштиле насилната средина на локално ниво | 4.3.1. Организациите членки се запознаени со моделот на реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство<br>4.3.2. Организациите членки имаат зајакнати капацитети за ркаоводени со сервиси за | • Организирање на работни средби за запознавање со законската регулатива и моделот за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви кои ја напуштиле насилната средина<br>• Организирање на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реинтеграција и рехабилитација на жени жртви<br>4.3.3. Извршната канцеларија и организациите членки раководат со сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на локално ниво | специјализирани обуки за даватели на услуги<br>• Спроведување на активности за прибирање на финансиски средства за воспоставување на сервиси за реинтеграција и рехабилитација | |
| ***Програма 5: Развивање на меѓународна (регионална) соработка*** | | | |
| **Стратешка цел 5.1:** Зајакната соработката со женски организации и мрежи од регионот пошироко | 5.1.1. Спроведени заеднички акции за застапување поврзани со насилство врз жени и семејно насилство<br>5.1.2 Унапредена видливоста на мрежата и организациите членки надвор од државата | • Членство во мрежи од регионот и пошироко<br>• Оддржување состаноци и работни средби со женски организации и мрежи во кои националната мрежа веќе членува<br>• Подготовка на заеднички акции | |